Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.10/23
14.11.2023 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за информација од јавен карактер од барателот С.К, Основниот суд Гевгелија на ден 14.11.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето поднесено од барателот С.К, за пристап до информации од јавен карактер, за давање одговор на прашањето:
- Дали има и кои се институциите на подрачјето на Основен суд Гевгелија на кои Претседателот на судот има определено лимит на извршување за наплата на парично побарување и колку тој лимит изнесува за секоја институција поединечно, СЕ УСВОЈУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот С.К, Имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ве известува дека во Основниот суд Гевгелија донесено е Решение ППНИ бр.39/23 од 31.08.2023 година, Решението не е правосилно и предметот по поднесена жалба е во Апелациониот суд Скопје.( Прилог Решение ППНИ бр.39/23 од 31.08.2023 година).

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена, по приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија СПИ.бр.10/23 од 14.11.2023 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Раководител на оддел - Павле Тунев